

Slow Food®
Macedonia

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗДАВАЧКА И ПРОДУКЦИСКА ДЕЈНОСТ

www.slowfood.mk



Издавач: **Slow Food Macedonia © 2019**
Издание: **01**
Датум: **30.06 2019 година**

Дизајн и графичко уредување: **Горан Трсунов**
Фото кредит © **Slow Food Macedonia архива**

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗДАВАЧКА И ПРОДУКЦИСКА ДЕЈНОСТ

Врз основа на член 6 од Статутот на Слоу Фуд Македонија, Националниот совет на Слоу Фуд Македонија на седницата одржана на ден 30.06 2019 година го донесе следниот

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗДАВАЧКА И ПРОДУКЦИСКА ДЕЈНОСТ НА СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА

Член 1

Националната организација Слоу Фуд Македонија развива своја издавачка и продукциска дејност.

Член 2

Под издавачка дејност се подразбира публикување на списанија, постери, книги, летоци и друг печатен материјал. Издавачката дејност може да се врши и во електронска форма. Под продукциска дејност се подразбира подготвување и објавување на аудио и видео материјали.

Член 3

Издавачката и продукциската дејност може да се одвива во рамки на задачите предвидени за реализација во проектите на Слоу Фуд Македонија или како резултат на промовирањето на целите и задачите на Слоу Фуд Македонија без посебен проект.

Член 4

За секоја публикација Националниот одбор (НО) на Слоу Фуд Македонија со одлука назначува Издавачки Одбор (ИО), кој може да има најмалку два члена. Членовите на ИО се членови на Слоу Фуд Македонија. При издавање на научни или стручни публикации, со

посебна одлука НО назначува и Научен Одбор (НОд), кој може да брои најмалку три члена. Членовите на НОд не мора да бидат и членови на Слоу Фуд Македонија.

Член 5

ИО и НОд од своите редови избираат Уредник/ци на изданието.
Мандатот на ИО се одредува со одлуката на НО доколку станува збор за редовна периодична публикација, односно завршува по издавањето на публикацијата.
Право на предлог за измена на составот на ИО и НОд имаат членовите на НО и членовите на ИО и НОд.

Член 6

Публикациите на Слоу Фуд Македонија се достапни на јавноста и до сите членови на Слоу Фуд Македонија. Исклучок од овој став може да има кога се работи за ексклузивна и луксузна публикација, и за дистрибуирањето на таквите публикации одлучува НО на Слоу Фуд Македонија. Доколку НО одлучи дека таквите публикации треба да се продаваат, средствата стекнати на овој начин мора да се користат за остварување на целите и задачите на Слоу Фуд Македонија.

Член 7

Монографиите, книгите, брошурите, зборниците од собири, книги на апстракти, периодичните изданија и слично треба да се каталогизираат во Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје

Член 8

На сите изданија на Слоу Фуд Македонија на насловната страница мора да стои името и логото на Слоу Фуд Македонија. Покрај логото на Слоу Фуд Македонија, може да стојат и логоа на други организации и финансиери на публикацијата.
На соодветно место во публикацијата мора да стои и адреса на Слоу Фуд Македонија.
На соодветно место треба да стои ISBN или ISSN број.

Член 9

За продукција на аудио и видео материјали се формира Продукциски одбор (ПО).
НО на Слоу Фуд Македонија со посебна одлука ги определува членовите на ПО.
ПО може да брои најмалку три членови, кои не мора да се членови на Слоу Фуд.
Мандатот на ПО го определува НО на Слоу Фуд Македонија или трае до завршување на продукцијата на аудио и видео материјалите и нивна дистрибуција.

Член 10

Право на толкување на одредбите од овој правилник има НС на Слоу Фуд Македонија, а меѓу две седници на НС тоа право го има НО.

Член 11

Постапката за менување на овој правилник е иста како и постапката за негово донесување.

Член 12

Овој Правилник е донесен на седницата на НС на Слоу Фуд Македонија одржана на ден 30.06.2019 година.


RIVER CAFE COOK BOOK TWO
A Feast of FISH
IAN McANDREW
The Mushroom Feast
Jane Grigson
The School food REVOLUTION
rick stein's Guide to the food heroes of Britain
THE RIVER COTTAGE FAMILY COOKBOOK
LOVE COOKING RECIPE BOOK 2010
ENOTECA
JOYCE GOLDSTEIN
SAUSAGE & MASH
FIONA BECKETT
RISOTTO! RISOTTO!
VALENTINA HARRIS
CHEZ PANISSE COOKING
PAUL BERTOLLI
WITH ALICE WATERS